**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 15-04. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2383 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставка од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (наш бр. 03-1588/1 од 22.03.2016 г.);

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 24 јануари 2016 година, Дневник во 19 часот;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 април 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност);

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста (алинеја 1); поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи (алинеја 6); објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (алинеја 9).

6. **Претходно изречена мерка:** нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Врз основа на поплака од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (наш бр. 03-1588/1 од 22.03.2016 г.) беше направена анализа на Дневникот во 19 часот емитуван на ТВ Сител на 24 јануари 2016 година. Поплаката конкретно се однесува на првите три прилози од Дневникот, во кои се известува за 16-та Конференција на Унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ, при што како проблеми се наведуваат: експлицитна оценка на новинарот/редакцијата, тонот на известувањето, рамката во која се информира, манипулативна употреба на филмови, слики и звуци, избор на зборови (реченици). Притоа, се смета дека во трите прилози директно се крши членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги (поконкретно начелата кои се однесуваат на негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста; поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи; објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

Освен ова, се наведува дека во првите два прилога е присутен говор на омраза, односно дека е прекршен член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и од Агенцијата се бара да поднесе кривична пријава до надлежното обвинителство. Притоа, се посочува дека се мисли на следниве цитати:

*„Ќе помине долго, многу долго време, пред на некој политичар повторно да му падне на ум да се обидува на власт да доаѓа со голема измама, со соработка со странски разузнавачки служби, со соработка со криминалци, со фалсификатори, со Чауши, со Ванхојтовци, со Катици и со продавачи на магла на типови чија главна цел е да ги изрекетираат бизнисмените во нивниот град“*

*„Во април, народот на Македонија ќе си ја врати делумно одземената власт, и преку масовно гласање на изборите ќе ги избрка на клоци вештачки и насила насадените функционери.“*

*„Сите криминалци со политички амбиции, кои преку поткупи, измами, преку монтирани снимки... ќе се обидат да добијат нешто за себе... ќе добијат клоца од убедливото мнозинство народ во оваа земја и тоа на првите избори преку масовно излегување и гласање на тие избори.“*

***

Со анализата на посочените три прилози е констатирано следново:

ТВ Сител донела уредничка одлука да извести за 16-та Конференција на Унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ преку три прилози, жанровски реализирани во форма на извештаи, од кои првите два се однесуваат на говорот на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, а третиот - на претседателката на Унијата на жени Даниела Рангелова.

Првиот прилог (19:02:35 – 19:09:04) е концентриран на делот од обраќањето на Никола Груевски кој содржи политички пораки за мотивирање на членството, за пренесување повик до народот да излезе на гласање и во кој се изнесуваат партиските (негативни) ставови кон СДСМ.

Вториот прилог (19:09:06 – 19:15:38) е посветен на делот од говорот во кој Никола Груевски најавува дека од позиција на претседател на партијата има намера да присуствува на официјални настани организирани од Владата, кои се однесуваат на нови инвестиции.

Третиот прилог (19:15:39 – 19:16:56) извлекува кус акцент од говорот на Даниела Рангелова, за поддршка на Никола Груевски.

Во известувањето, ТВ Сител одлучила да користи трансмисиски пристап. Имено, прилозите се изградени од екстензивни директни обраќања на говорниците и сосема куси интервенции на новинарите кои или прекажуваат цитати од говорите или го сублимираат кажаното. Со ова, Телевизијата избрала наместо сопствена експлицитна оценка, став или коментар за настанот, да пренесе акценти од говорите и да ја остави публиката директно да слушне што и говорат политичарите. Ова, од своја страна ги определува и тонот и рамката на прилозите. И позитивните тон и рамка за ВМРО ДПМНЕ и негативните за СДСМ – произлегуваат директно од обраќањето на говорникот кој во моментот се цитира. И во самата претставка од СДСМ, кога се говори за експлицитна оценка од редакцијата и за рамката на информирање, се посочуваат цитати од говорот на Никола Груевски.

Кои делови од обраќањата ќе избере медиумот да ги емитува зависи од неговата генерална уредувачка политика и уредувачката одлука за конкретниот прилог. Притоа, треба да се има предвид дека доколку во директното обраќање биле искажани негативни ставови кон кој било друг субјект или личност - публиката има право да биде информирана за тоа.

Во прилозите не е присутен став на опозицијата, односно ТВ Сител донела уредничка одлука во Дневникот да не ја емитува реакцијата од СДСМ за обраќањето на Никола Груевски, која ја имаат емитувано други телевизии (на пример ТВ Алсат-М, МРТ1 и ТВ Телма).

ТВ Сител, исто така, донела уредничка одлука да не ги емитува цитатите со најгруб говор од обраќањето на Никола Груевски (чии делови можат да се најдат на ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, МРТ1 и ТВ Телма, некаде ставени во критички, а некаде во трансмисиски контекст). Поточно, на ТВ Сител во прилозите на кои се однесува поплаката не се објавени оние цитати кои се наведени во дописот од СДСМ во делот во кој се бара Агенцијата да поднесе кривична пријава против ТВ Сител поради прекршување на член 48 (говор на омраза).

Во секој случај, кога се размислува за постапување по членот 48 од Законот, треба да се има предвид ставот на Европскиот суд за човекови права од Стразбур во пресудата за случајот Хендисајд против Обединетото Кралство, според кој заштитата на слободата на изразување во едно демократско општество, согласно член 10 од Европската конвенција за човековите *права „се применува не само за „информациите" или „идеите" кои се примаат поволно или се сметаат за ненавредливи или индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или некој дел од населението. Такви се барањата на плурализмот, толеранцијата и широкото сфаќање и без нив нема демократско општество"*[1].

Во еден дел од претставката, се изнесува и дека во говорот на Никола Груевски има *„злоупотреба и поистоветување на владините со партиски проекти, странски инвестиции и најмногу од се со самопромовирање како човек кого народот го гледа се повеќе во исполнување на изборната партиска (владина) програма."*

Обврската за издвојување на партиските од државните активности лежи кај носителите на функции на власта и политичките партии, и доколку тоа не е така – јавноста има право за тоа да биде информирана. Забраната од член 75-б од Изборниот законик за известување во функција на нечија изборна кампања, стапува на сила со денот на распишување на изборите. Инаку, што ќе се објави во дневно-информативните емисии на медиумите и на каков начин (со кој жанр, со каква аудиовизуелна обработка и сл.) е во доменот на уредувачката политика и одговорност на медиумот, кој пак има обврска да се придржува до професионалните стандарди и да обезбеди плурализам на гледишта и ставови.

Во поглед на визуелната презентација на прилозите (и споредено со прилозите на другите телевизии) може да се каже следново: на партиски настан, каков што е Конференцијата на Унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ – вообичаено е на снимките да се види т.н. партиска иконографија (знаме, грб и лого на партијата), и во позадина да се слушне партиската химна, но исто така и државното знаме и химна, а вообичаено е и камерите да покажат кој бил присутен (особено од носителите на функции) и колкава била посетеноста на настанот. Сето ова се информативни сегменти кои публиката има право да ги знае – и тоа е она што го прикажуваат снимките користени во прилозите.

Со начинот на известување за конкретниов настан, ТВ Сител не го почитувала доследно член 61 став 1 алинеја 9 од Законот кој се однесува на потребата за еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

## 8. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да го извести Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за претставката и за наодите од надзорот и да му укаже на фактот

1 „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.16, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

дека треба сериозно и доследно да го почитува начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***